ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 04-585/1
25.10. 2024 год.
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 23 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр.38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/2019, 82/2020, 89/2022, 274/2022 и 208/2024), член 21 и член 23 став 4 од Законот за работни односи ( Службен весник на Република Македонија бр. 62/2005, 3/2006, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 10/2010, 16/201, 50/2010, 52/2010, 58/2010, 124/2010, 132/2010, 158/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 52/2012, 13/2013, 25/2013, 54/2013, 170/2013, 187/2013, 34/2014, 106/2014, 113/2014, 145/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 74/2015, 129/2015, 167/2015, 27/2016, 134/2016, 120/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 110/2019, 90/2020, 267/2020, 151/2021, 288/2021 и 111/2023) и член 20 од Статутот на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, Директорот на ден 25.10.2024 година донесе :

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по Јавен оглас број 1/2024 за вработување на неопределено време на помошно - техничко лице**

1.За работното место Работник – чувар за одржување на гробишта со шифра на работното место КДР0402А03005 (помошно – техничко лице) во Оддел гробишта/Одделение за технички работи и услуги/Сектор за технички работи и развој – 1 извршител се избира кандидатот:

Звонко Ќаракашов од Пехчево

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 на оваа Одлука по конечноста на Одлуката за избор и со потпишување на Договор за вработување на неопределено време.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 11.09.2024 година во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Лајм", на огласната табла на претпријатието и на веб страната на претпријатието објавен е Јавен оглас за вработување на помошно – техничко лице бр.1/2024 со архивски број 04 – 443/4 од 10.09.2024 година за работното место Работник – чувар за одржување на гробишта со шифра на работното место КДР0402А03005 (помошно – техничко лице) во Оддел гробишта/Одделение за технички работи и услуги/Сектор за технички работи и развој – 1 извршител.

Со Решение бр.04 – 443/5 од 12.09.2024 година формирана е Комисија за селекција во постапката за вработување на давател на јавни услуги и помошно – техничко лице.

Комисијата за селекција на ден 27.09.2024 година (записник бр. 04-443/8) спроведе административна селекција, односно изврши увид и проверка на податоците во пријавата за вработување и приложените докази кон пријавата за исполнување на општите и посебните услови и нивната веродостојност за работно место Работник – чувар за одржување на гробишта со шифра на работното место КДР0402А03005 и утврди дека внесените податоци во пријавата на кандидатот соодејствуваат со доказите кои се приложени и истите се веродостојни, пријавата е комплетна и навремена.

Записникот е доставен до Директорот заради донесување одлука за избор. Доставен е и Предлог од Комисијата за избор на кандидат.

Директорот врз основа на Записникот од Комисијата за селекција како и врз основа на член 21 од Законот за работни односи одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец" – Пехчево, во рок од 8 (осум) дена од приемот на Одлуката.

ЈКП ,,Комуналец" – Пехчево
Директор
Драгана Вазлиска

25.10.2024 година

Доставено до:
- Избраниот кандидат
- Архива

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "КОМУНАЛЕЦ" П.О. ПЕХЧЕВО 2

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
" К О М У Н А Л Е Ц "
Бр. 04-584/1
25. 10. 2024 год.
П Е Х Ч Е В О

Врз основа на член 37-м од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14 , 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24 ) и член 21 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот за поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги бр. 01-762/8 од 28.12.2016 година и член 20 од Статутот на ЈКП „Комуналец „ - Пехчево, Директорот на ден 25.10.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За избор на кандидат по јавен оглас број 1/2024 за вработување на неопределено време на давател на јавни услуги**

1. За работното место Општ комунален работник со шифра на работното место КДР0305В02001 (давател на јавни услуги) во Одделение за технички работи и услуги/ Сектор за технички работи и развој - 1 извршител се избира кандидатот:

Ванчо Богдановски од Пехчево

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 на оваа Одлука по конечноста на Одлуката за избор и со потпишување на Договор за вработување на неопределено време.

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 11.09.2024 година во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Лајм", на огласната табла на претпријатието и на веб страната на претпријатието објавен е Јавен оглас за вработување на давател на јавни услуги бр. 1/2024 со архивски број 04 - 443/4 од 10.09.2024 година за работното место Општ комунален работник со шифра на работното место КДР0305В02001 во Одделение за технички работи и услуги/Сектор за технички работи и развој - 1 извршител.

Комисијата за селекција во постапката за вработување, формирана од Директорот со Решение бр. 04 - 443/5 од 12.09.2024 ги спроведе сите фази на селекција согласно Законот за јавните претпријатија и

Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот за поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги бр. 01-762/8 од 28.12.2016 година за што состави Записник за извршена административна селекција бр. 04 - 443/8 од 27.09.2024 и Записник од спроведено интервју бр. 04 - 443/12 од 30.09.2024 година со конечна ранг листа бр. 04 - 443/13 од 30.09.2024 година.

Комисијата за селекција во постапката за вработување на ден 22.10.2024 година до Директорот достави Конечна ранг листа на кандидати и освоени бодови од спроведената селекција во постапката за вработување на давател на јавни услуги по спроведените две фази од постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги бр. 04 - 443/13 од 30.09.2024 година и Предлог за избор на кандидат за вработување на Општ комунален работник (давател на јавни услуги) бр. 04 -443/17 од 22.10.2024 година.

Директорот на ЈКП „Комуналец" - Пехчево постапи во законски предвидениот рок за избор на кандидат по Огласот бр. 1/2024 со број 04 - 443/4 од 10.09.2024 објавен во дневните весници на 11.09.2024 година и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Против ова Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен одбор на ЈКП „Комуналец"- Пехчево, во рок од 8 (осум) дена од приемот на Одлуката.

25.10.2024 година

ЈКП „Комуналец" - Пехчево
Директор
Драгана Вазлиска

Доставено до:
- Избраниот кандидат
- Архива